# ПРОГРАМА

за одржување на јавна чистота за 2022 година
на Општина Кичево

**Кичево, Декември, 2021 година**

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНАТА ЧИСТОТА ВО ОПШТИНА КИЧЕВО ЗА 2022 ГОДИНА**

## Вовед

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавна чистота на подрачјето на Општина Кичево за 2022 година, и тоа во видот и обемот на работите што треба да се извршат и активностите што треба да се преземат, динамиката и начинот на вршење на работите и начинот на нивно финансирање. Сите активности и работи кои ќе се преземат за одржување на јавната чистота се во зависност од повеќе фактори, како од густината на населението, фрекфенцијата на луѓе и моторни возила, инфраструктирните услови и инситуционалните и граѓанските потреби, степенот на чистота, и друго.

Законот за јавна чистота, со кој се уредуваат условите и начинот на одржување на јавна чистота, правата и обврските на учесниците во одржувањето на јавната чистота е акт со кој законодавецот има намера поажурно да ја одржува јавната чистота, а тоа е нешто што го налага самото урбано живеење. Имено, со овој закон се предвидува наплата на надоместок за одржување на јавна чистота, при што се очекува изворот на средства да биде обезбеден, со што давателите на услуги ќе бидат во можност поефикасно да ги извршуваат активностите на одржување на јавна чистота. Видот и начинот на одржување на јавна чистота, покрај од друго, директно зависи од уреденоста, состојбата/одржувањето на јавно прометните површини и нивната соодветна комунална/градска опрема. Затоа укажуваме дека како претпријатие можеме да пружиме подобра услуга по обем, динамика и квалитет доколку инфраструктурните претпос-тавки во Општина Кичево се подобрат, а почитувањето на комуналниот ред, сообраќајните прописи и друго се подигнат на повисоко ниво од досегашното.

Под поимот одржување на јавната чистота се подразбира :

- Чистење (миење и метење) на јавни површини и отворени простори на јавни објекти
- Чистење на снег во зимски услови.

Одржувањето на јавната чистота преставува континуиран процес кој обезбедува трајно и квалитетно чистење на јавните површини. За реализирање на овие активности ЈП ”Комуналец”-Кичево, изготви годишна програма одржување на јавната чистота за 2022 година.

Со Програмата за одржување на јавната чистота за 2022 година се утврдени: видот и обемот на работите што треба да се извршат, финансиските сресства за вршење на работите, временските рокови за извршување на работите, динамиката и начин на вршење на работите, како и поставување на корпи за отпадоци на јавните површини.

1. ВИД И ОБЕМ НА РАБОТИТЕ:

Во планирањето и димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата за одржувањето на чистотата на јавните површини како клучни фактори се земени:

- Одредувањето на нивото и динамиката на одржување на комуналната јавна чистота на јавните површини ( категоризацијата)

- Димензиите,типот и формата на јавните површини (големина)

- Начинот на одржување на јавната чистота

- Пресметка на нормите за работа врз кои се врши димензионирањето на работата, работната рака и механизацијата.

**Потекло и вид на сметот на јавните површини**

Под поимот смет се подразбира збир на отпадоци кои се создаваат при одржувањето на јавната чистота.

Под поимот собирање смет се подразбира отстранување на создадениот смет и сместување во садови за смет.

Според начинот на живеење и работење на луѓето одржувањето на јавната чистота е условено од следниве фактори:

- Густината на населеност

- Градскиот сообраќај

- Станбениот простор

- Културните навики на населениоет

- Стандардот

- Самодисциплината на граѓаните

- Придржување на позитивните прописи

Од овие фактори е условен и степенот на загаденост на јавните површини, начинот и динамиката на одржување на истите.

**1.1. Секојдневен смет:**

а) Отпадоци од возила кој настануваат при:

- при превоз на разновиден материјал( градежен материјал, овошје, зеленчук и технолошки материјал)

- при товарање и растоварање на разни стоки

- при собирање на домашен смет

- при косење на тревни површини

в) Загадувања од атмосверата

- загадување од чад, прав

- индустриски очаци

- гасовите од моторните возила

г) При интензивно врнење на дождови

- наноси од земја, песок, лисја и др.

**1.2. Сезонски смет**

Се појавува сезонски и обично го има два вида

- лисја од дрвата, суви гранки и слично

- песок, згура и ситен камен кој во зимскиот период служи за посипување на јавните површини заради намалување на клизавоста кој по престанокот на мразевите и снеговите треба темелно да се отстрани.

2. ДИНАМИКА, НАЧИН И ВРЕМЕНСКИ РОКОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИТЕ

За изработка на организациониот план за чистење на јавните површини еден од важните фактори е категоризацијата на јавните површини. Категоризацијата на јавните површини зависи од : населеноста на градот, распоредот на работните и стамбените објекти, интензитетот на сообраќајот.

Имајќи го во предвид искуството од претходните години ја предлагаме следнава категоризација:

**I. Категорија:**

Јавни сообраќајни површини во центарот на градот и трговскиот дел на градот каде улиците, тротоарите, плочниците се со густа фреквенција на движење.

Обем на работа: комбинирано рачно и машинско метење јавната површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо .

Работите од оваа категорија ќе се изведуваат секој ден во годината дење или ноќе во зависност од временските услови и обемот на работата,со исклучок во зимски периоди при поголеми врнежи на снег и појава на ноќни мразеви.

**II. Категорија:**

Јавни сообраќајни површини во градот и трговскиот дел на градот каде улиците, тротоарите, плочниците се со густа фреквенција на движење.

Обем на работа: комбинирано рачно и машинско метење јавната површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо.

Работите ќе се изведуваат секој работен ден во годината освен во Недела и државни празници, со исклучок во зимски периоди при поголеми врнежи на снег и појава на ноќни мразеви.

**III. Категорија:**

Густо населени улици и населби со послаб градски промет и луѓе.

Обем на работите: комбинирано рачно и машинско метење јавната површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо.

Работите ќе се изведуваат еднаш во неделата.

**IV. Категорија:**

Густо населени улици и населби со послаб градски промет и луѓе.

Обем на работите: рачно метење јавната површина, празнење на уличните корпи превоз на сметот со рачни колички до привремено депо.

Работите ќе се изведуваат еднаш месечно.

**V. Категорија:**

Миењето на јавните површини се врши рачно со црево. Работата се извршува најмалку еднаш месечно 7 пати во годината по завршувањето на зимските месеци.

**VI. Категорија:**

Во оваа категорија спаѓа: изнесувањето на песок, камен ,кал, лисја по поројни дождови.

**VII. Категорија:**

Чистење на снег од јавните површини на Категорија I

Снегот и мразот од тротоарите се собира на рабовите на тротоарот, а ако тротоарите се потесни од 1,5м. на работ од коловозот при што се внимава да не се затрупуваат сливниците и да не се нарушува движењето на возилата и пешаците. Остранувањето на складираниот снег и мраз ЈП,,Комуналец,,-Кичево ќе го врши со сопствена механизација.

Работниците кој ја одржуваат чистотата на јавните површини ќе работат во центарот на градот (улици предвидени во категорија I ) и ќе ги извршуваат следниве работи:

- Отварање на пешачки премини

- Отварање на пешачки патеки по тротоарите и плочниците

- Целосни чистења на мостовите

- Чистење и празнење на уличните корпи

Чистењето на снегот пред објектите (пристапот до самиот објект) е во надлежност на сопствениците или корисниците на објектите.

**Повремени работи:**

Како повремени работи се јавуваат чистување на јавните површини по барање на органите на Општината за време на државните празници, по барање на инспекциските служби, собирање на смет после јавните манифестации на барање на организаторот на јавната манифестација и др. Овие работи се извршуваат надвор од планираната програма.

Во Програмата за одржување на јавната чистота за 2022 година не се предвидени следниве активности:

- Одржување на површини на отворените простории на јавните објекти и на дворните површини на колктивните и индивидуалните објекти.

- Расчистување на диви депонии

- Слободните површини кои не се наменети за промет на сообраќа

Во 2021год. извршено е комплетно реновирање на Кичевското кале. Обновен е целосно објектокот со простории за собири,изradена е нова купола која ќе служи за одржување на претстави,концерти,и други културни манифестации.Посадено е нова трева,наместени се 123 лед сијалици на канделебрите,84 бочни мали сијалици на скалите,84 клупи,4 мермерски маси и 8 мермерски клупи,Наместени се 4 водоводни механизми за функционирање на двете фонтани кои се комплетно реновирани.Посадени се 120 борчиња,наместени се нови 7 големи канти,41 канта од плек,43 мали канти кои од надворешна страна се украсени од дрво.За најмладите жители на Кичево наместени се нови лулјашки,и разни други детски ирачки.Поставени се нови три чешми и направени се два летниковци украсени со цвеќина и нови столици.Патот до Кичевското кале е реновиран со нови бекатонски коцки

За одржување на Калето дополнително се ангажирани уште десет работници кој својата работа ја вршат во смени и тоа : Одржувачи на јавно прометни површини четворица, парковци- тројца, работници за обезбедување - тројца.

Основите за утврдување на обемот, категоризацијата, како и нормирањето на работите и работните задачи за чистење на јавните површини користени се референтни документи на Стопанска комора на Република Македонија

Јавната чистота и јавното зеленило во 2022 год.ќе се одржуваат редовно и тековно врз основа на програмата за одржување на Јавна чистота. Во калкулираниот јавен надоместок во сметката за редовни комунални услуги Претпријатието ќе го инвестира во нова опрема и механизација со што ќе се подобри квалитетот на извршување на оваа услуга.

**ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ**

Одржувањето на јавната чистота на подрачјето на Општина Кичево ќе се состои од:

- рачно метење и миење на улиците, булеварите, како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во законот за јавна чистота

- празнење на уличните корпи за отпад, кои се поставени во поширокото централно градско подрачје, и

- одржување на јавните површини во зимски услови

За подобро извршување на работните задачи, јавните површини се групираат во 3 категории (зони), а извршување на задачите на работниците-метачи се одвива во утринските часови (од 05:00 часот до 12:00 часот),летно време и (од 06.00 до 13.00) зимно време со динамика на работа од 6 дена во неделата и 1 слободен ден. На улица Б.Ослободување и М.Тито имат и втора смена која почнува од 14 часот до 22 часот.

Исто така, ќе се продолжи со поставување нови улични корпи за отпад, почнувајќи од централно-то градско подрачје, кон периферните делови на градот, како и поставување на пластични контејнери за селекција на отпад.

**Потребен број на работници на чистење на ЗОНА 1.**

ЗОНА 1. Динамика на одржување – секој ден.

| Реден број | Јавни површии (улици, тротоари и др.) | Должина (m) | Површина на одржување ($m^2$) |
|---|---|---|---|
| 1. | Булевар „Ослободување“ | 2.000 x 12 | 24.000 |
| 2. | М. Тито (од Пиринска до 11 Септем) | 1.200 x 10 | 12.000 |
| 3. | 11-Септември (од Б.Кидрич до М.Тито ) | 1.500 x 10 | 15.000 |
| 4. | Борис Кидрич | 850 x 10 | 8.500 |
| 5. | Рудничка (од Б.Ослободување до Пиринска) | 600 x 10 | 6.000 |
| 6. | Кузман Ј. Питу | 210 x 6 | 1.260 |
| 7. | 11 Октомври | 260 x 8 | 2.080 |
| 8. | Амид Челопечанец | 340 x 6 | 2.040 |
| 9. | Белградска | 90 x 6 | 540 |
| 10. | Гоце Делчев (од М. Тито до 11-Септември) | 200 x 6 | 1200 |
| 11. | Кеј на река Сушиња (поплочен дел) | 200 x 6 | 1.200 |
| **ВКУПНО** | | **7.350** | **73.820** |

За одржување на јавно прометните површини во зона 1 потребни се четрнаесет работници, и потребни се да со одвојат финансиски средства од :

350 дена х 73.820 = 25.837,000 х 0,3 ден. = **7.751.100 ден.**

**Потребен број на работници за чистење на ЗОНА 2.**

ЗОНА 2. Динамика на одржување – секој трет ден.

| Реден број | Јавни површии (улици, тротоари и др.) | Должина (m) | Површина на одржување ($m^2$) |
|---|---|---|---|
| 1. | Ј. Михајлоски ( Од М. Тито до 11-ти Септември) | 900 x 6 | 5.400 |
| 2. | Т. Цалески (Ј. Михајлоски до 15 Ноември) | 300 x 6 | 1.800 |
| 3. | 15 Ноември (Т. Цалески до Вардарска) | 60 x 6 | 360 |
| 4. | Вардарска | 100 x 6 | 600 |
| 5. | Караѓичева | 110 x 6 | 660 |
| 6. | Санде Штерјоски | 160 x 6 | 960 |
| 7. | Веле Змејкоски | 240 x 6 | 1.440 |
| 8. | Лубица Богеска | 150 x 10 | 1500 |
| 9. | Гоце Делчев (Од 11-ти Септември до Ужичка) | 800 x 6 | 4.800 |
| **ВКУПНО** | | **2820** | **17.520** |

За одржување на јавно прометните површини во зона 2 потребни се 6 работници, и потребни се да со одвојат финансиски средства од :

120 дена х 17.520 = 2.102,400 х 0,3 ден. = **630.720 ден.**

**Потребен број на работници за чистење на ЗОНА 3.**

ЗОНА 3. Динамика на одржување – еднаш неделно.

| **Реден број** | **Јавни површии (улици, тротоари и др.)** | **Должина (m)** | **Површина на одржување ($m^2$)** |
|---|---|---|---|
| 1. | Др. Владо Полежиноски | 710 x 6 | 4.260 |
| 2. | Раим Лика | 320 x 6 | 1.920 |
| 3. | М. Милески (Б. Кидрич до Пиринска) | 330 x 6 | 1.980 |
| 4. | Пиринска | 240 x 6 | 1.440 |
| 5. | 11 Септември (од почеток до Б. Кидрич) | 720 x 8 | 5.760 |
| 6. | 4 Јули | 1.350 x 6 | 8.100 |
| 7. | М. Тито (од „Арабела“ до Осломешки пат) | 1.000 x 6 | 6.000 |
| 8. | И. Акиоски | 590 x 6 | 3.540 |
| 9. | Крушевска | 160 x 6 | 960 |
| **ВКУПНО** | | **5.420** | **33.096** |

За одржување на јавно прометните површини во зона 3 потребни се два работници, и потребни се да со одвојат финансиски средства од :

52 дена x 33.096 = 1.720,992 x 0,3 ден. = **516.297,6 ден.**

**Потребен број на работници за чистење на ЗОНА 4.**

ЗОНА 4. Динамика на одржување – еднаш месечно.

| **Реден број** | **Јавни површии (улици, тротоари и др.)** | **Должина (m)** | **Површина на одржување ($m^2$)** |
|---|---|---|---|
| 1. | Ужичка Република | 1.330 x 8 | 10.640 |
| 2. | Долно пашино | 1.200 x 4 | 4.800 |
| 3. | Горно пашино | 600 x 4 | 2.400 |
| 4. | Методија. Стефаноски | 540 x 6 | 3.240 |
| 5. | Тротоар на Магистрален пат | 5.000 x 5 | 25.000 |
| 6. | Асвалтирани улици во населба Девеана | 1.100 x 4 | 4.400 |
| 7. | Асвалтирани улици во населба Карпош | 1.030 x 4 | 4.120 |
| 8. | Асвалтирани улици во населба Коњски ливади | 1.250 x 4 | 5.000 |
| 9. | Асвалтирани улици во населба Н. Ложјоница | 870 x 4 | 3.480 |
| 10. | Асвалтирани улици во населба Календарица | 1.800 x 4 | 7.200 |
| 11. | Нова населба и асфалтирани патишта Иванидол | 1.400 x 4 | 5.600 |
| **ВКУПНО** | | **16.020** | **75.880** |

За одржување на јавно прометните површини во зона 4 потребни се два работници, и потребни се да со одвојат финансиски средства од :

12 дена x 75.880 = 910.560 x 0,3 ден. = **273.168 ден.**

**ЗБИРНА СУМА ЗА СИТЕ ЗОНИ**

| **ЗОНА** | **Бр. на работници** | **Неделно дена** | **Часа неделно** | **Денови годишно** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 14 | 7 | 40 | 350 |
| 2 | 6 | 6 | 40 | 120 |
| 3 | 2 | 6 | 40 | 52 |
| 4 | 2 | 6 | 40 | 12 |

ЈП,,Комуналец,,-Кичево има обезбедено машина за метење на улици, која ќе се употребува за чистење на сите четри определени зони, а по потреба и во други улици по налог на Општина Кичево или комунален инспектор.

Машината која ја поседуваме за чистење на јавни површини, ќе работи со следна динамика :

| Работни часа дневно (2 смени по 6 часа) | Месечно денови | Годишно месеци |
|---|---|---|
| 12 | 24 | 12 |

**12 x 24 = 288 x 12 = 3.456 x 380 ден. = 1.313,280 ден.**

Во ова табела прикажани се вкупните суми за четрите зони на метење и сумата за машината за метење

| | |
|---|---|
| **ЗОНА 1** | **7.751,100 ДЕНАРИ** |
| **ЗОНА 2** | **630.720 ДЕНАРИ** |
| **ЗОНА 3** | **516.297,6 ДЕНАРИ** |
| **ЗОНА 4** | **273.168 ДЕНАРИ** |
| **МАШИНА ЗА МЕТЕЊЕ** | **1.313.280 ДЕНАРИ** |
| **ВКУПНО:** | **10.484.565,6 ДЕНАРИ** |

## 1.2 МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ

Миењето на јавните површини на градот се врши со цистерна од 8 $м^3$ зафатнина, која ја опслужуваат возач и двајца работници.

Миењето и полевањето на јавните површини се врши со цистерна која на предниот дел има млазници и истата ги извршува двете функции – перење на улиците и полевање на тревните површини. За ваков начин на работа предвидена е екипа од двајца работника, и тоа возач и млазничар. Возачот управува со возилото кое се движи по коловозот, а млазничарот ракува со командните уреди за усмерување на млазниците за миење/ полевање.

Поради настанатата состојба со вирусот Ковид 19, зголемено е миењето на улиците и се врши дезинфекција на истите со натриум хипохлорид

Една автоцистерна ги опфаќа следните елементи на работа:

- Припрема за полевање на цистерна

- Полнење на цистерна
- Прибирање на приборот после полнење
- Возење на полна цистерна
- Миење и полевање на јавно-прометни површини
- Возење до хидрант за повторно полнење

**Зона I**

| Број на дневни цистерни | Работни денови | Месеци | Ангажирани работници | Смени | Вкупен број на цистерни |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 24 | 9 | 2 | / | 432 |

**Зона II**

| Број на дневни цистерни | Работни денови | Месеци | Ангажирани работници | Смени | Вкупен број на цистерни |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 10 | 9 | 2 | / | 180 |

**Зона III**

| Број на дневни цистерни | Работни денови | Месеци | Ангажирани работници | Смени | Вкупен број на цистерни |
|---|---|---|---|---|---|
| 2 | 1 | 9 | 2 | / | 18 |

**Вкупно годишно = 630 цистерни**

**Годишно за трите зони потребни се 630 цистерни х 4.000 = 2.520,000 денари**.

## ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО

Во програмата за 2022 година се обработени показатели кои го третираат одржувањето на објектите кои за градот Кичево претставуваат единствена целина. Од тие причини, издвоените објекти во програмата се посебно третирани, и за истите, благодарение на расположливите катастарски податоци се изработени табеларни прегледи, како за интензитетот на одржувањето, така и за потребните финансиски средства.

### 1.2.1. КАТАСТАРСКИ ПРЕГЛЕД

| Реден број | Локација | Површина |
|---|---|---|
| 1. | Кеј на река Сушица | 6.860 $м^2$ |
| 2. | Ул. Маршал Тито | 540 $м^2$ |
| 3. | Ул. Борис Кидрич | 780 $м^2$ |
| 4. | Ул. Рудничка | 933,9 $м^2$ |
| 5. | Ул. 11 Септември | 15.184 $м^2$ |
| 6. | Бул. „Ослободување“ | 5100 $м^2$ |
| 7. | Китино Кале | 13.566 $м^2$ |
| 8. | Магистрален пат од Касарна до копачка и кружни зелени површини (кружни текови) | 7500м2 |
| **ВКУПНО** | | 51.000 $м^2$ |

Во текот на 2020 год.на Ул.Маршал Тито изградени се уште два кружни текови и парк за одмор на граѓаните. Исто така изградени се три кружни токови во Ул,,Борис Кидрич,, и еден во Ул,,Исен Акиоски,, кој треба да бидат одржувани од страна на ЈП.

**Дванаесет Кружни токови на:**
**Ул.Б.Ослободување, Маршал Тито, Магистрален пат, Борис Кидрич и Исеин Акиоски**

| Реден број | Работна операција | Броја | Количина | Пати | Вкупно | Единечна мера | Вкупен износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Набавка на цветен материјал** | **2500** | **2500** | | **2500** | **60** | **150.000 ден** |
| **2.** | **Засадување** | **2500** | **2500** | **1** | **2500** | **6** | **15.000 ден** |
| **3.** | **Копање,вадење (оддржување)** | **2500** | **2500** | **7** | **17500** | **8** | **138.000 ден** |
| **ВКУПНО** | | | | | | | **303,000 ден** |

**Китино Кале и жардинери на Ул.Б.Ослободување :**

| Реден број | Работна операција | Броја | Количина | Пати | Вкупно | Единечна мера | Вкупен износ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.** | **Набавка на цветен материјал** | **5000** | **5000** | | **5000** | **60** | **300.000 ден** |
| **2.** | **Засадување** | **5000** | **5000** | **1** | **5000** | **6** | **30.000 ден** |
| **3.** | **Копање,вадење (оддржување)** | **5000** | **5000** | **7** | **35000** | **8** | **280.000 ден** |
| **ВКУПНО** | | | | | | | **610,000 ден** |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување на јавното зеленило и потребните финансиски средства

Кеј на река Сушица:

| Реден број: | Работна операција | Единична мера: | Количина: | Пати: | Вкупно: | Единична цена: | Вкупен износ: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Собирање отпадоци и чистење тревник | $м^2$ | 6.860 | 14 | 96.040 | 0,20 ден. | 19.208 ден. |
| 2. | Машинско косење | $м^2$ | 5000 | 14 | 70.000 | 0,60 ден. | 42.000 ден. |
| 3. | Машинско косење со грбни косилки | $м^2$ | 1860 | 14 | 26040 | 1,2 ден. | 31.248 ден. |
| 4. | Собирање на покосена трева | $м^2$ | 6.860 | 14 | 96.040 | 0,60 ден. | 57.624 ден. |
| 5. | Рачен утовар на искосена трева | $м^2$ | 6.860 | 14 | 96.040 | 0,10 ден. | 9.604 ден. |
| | | | | | **ВКУПНО:** | | **159.684 ден** |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување на јавното зеленило и потребните финансиски средства

Ул„Маршал Тито„:

| Реден број: | Работна операција | Единична мера: | Количина: | Пати: | Вкупно: | Единична цена: | Вкупен износ: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Собирање отпадоци и чистење тревник | $м^2$ | 650 | 34 | 22.100 | 0,20 ден. | 4.420 ден. |
| 2. | Машинско косење | $м^2$ | 585 | 34 | 19.890 | 0,60 ден. | 11.934 ден. |
| 3. | Машинско косење со грбни косилки | $м^2$ | 65 | 34 | 2.210 | 1.20 ден. | 2.652 ден. |
| 4. | Собирање на покосена трева | $м^2$ | 650 | 34 | 22.100 | 0,60 ден. | 13.260 ден. |
| 5. | Рачен утовар на искосена трева | $м^2$ | 650 | 34 | 22.100 | 0,10 ден. | 2.210 ден. |
| 6. | Рачно полевање на тревник | $м^2$ | 650 | 56 | 36.400 | 1,10 ден. | 40.040 ден. |
| 7. | Кроење на жива ограда | $м^2$ | 70 | 3 | 210 | 35 ден. | 7.350 ден. |
| 8. | Окопување на грмушки | бр. | 34 | 2 | 68 | 40 ден. | 2.720 ден. |
| 9. | Резидба на дрва во дрворед | бр. | 160 | 1 | 160 | 230 ден. | 36.800 ден. |
| 10. | Утовар на гранки | $м^3$ | 30 | 1 | 30 | 500 ден. | 15.000 ден. |
| | | | | | **ВКУПНО:** | | **136.386 ден.** |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување на јавното зеленило и потребните финансиски средства

Ул„Борис Кидрич„:

| Реден број: | Работна операција | Единична мера: | Количина: | Пати: | Вкупно: | Единична цена: | Вкупен износ: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Собирање отпадоци и чистење тревник | $м^2$ | 670 | 14 | 9.380 | 0,20 ден. | 1.876ден. |
| 2. | Машинско косење | $м^2$ | 590 | 14 | 8.260 | 0,60 ден. | 4.956ден. |
| 3. | Машинско косење со грбни | $м^2$ | 80 | 14 | 1.120 | 1,20 ден. | 1.344 ден. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | косилки | | | | | | |
| 4. | Собирање на покосена трева | $м^2$ | 670 | 14 | 9.380 | 0,60 ден. | 5.628 ден. |
| 5. | Рачен утовар на искосена трева | $м^2$ | 670 | 14 | 9.380 | 0,10 ден. | 938 ден. |
| 6. | Кроење на сезонско цвеќе | бр. | 300 | 2 | 600 | 35 ден. | 21.000ден. |
| 7. | Прашење цветни површини | бр. | 300 | 4 | 1200 | 35 ден. | 42.000 ден. |
| | | | | | **ВКУПНО:** | | **77.742 ден.** |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување на јавното зеленило и потребните финансиски средства

Ул„Рудничка„:

| Реден број: | Работна операција | Единична мера: | Количина: | Пати: | Вкупно: | Единична цена: | Вкупен износ: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Собирање отпадоци и чистење тревник | $м^2$ | 940 | 14 | 13.160 | 0,20 ден. | 2.632 ден. |
| 2. | Машинско косење | $м^2$ | 840 | 14 | 11.760 | 0,60 ден. | 7.056 ден. |
| 3. | Машинско косење со грбни косилки | $м^2$ | 100 | 14 | 1.400 | 1.20 ден. | 1.680 ден. |
| 4. | Собирање на покосена трева | $м^2$ | 940 | 14 | 13.160 | 0,60 ден. | 7.896 ден. |
| 5. | Рачен утовар на искосена трева | $м^2$ | 940 | 14 | 13.160 | 0,10 ден. | 1.316 ден. |
| 6. | Окопување на грмушки | Бр. | 10 | 2 | 20 | 40 ден. | 800 ден. |
| 7. | Прашење ружи | Бр. | 50 | 2 | 100 | 35 ден. | 3.500 ден. |
| 8. | Кроење ружи | $м^3$ | 50 | 2 | 100 | 20 ден. | 2.000 ден. |
| | | | | | **ВКУПНО:** | | **26.880 ден.** |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување на јавното зеленило и потребните финансиски средства

Ул„11 Септември„:

| Реден број: | Работна операција | Единична мера: | Количина: | Пати: | Вкупно: | Единична цена: | Вкупен износ: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Собирање на отпадоци и чистење на тревници | $м^2$ | 6800 | 14 | 58.800 | 0,20 ден. | 11.760 ден. |
| 2. | Машинско косење | $м^2$ | 800 | 14 | 183.400 | 0,60 ден. | 6.720 ден. |
| 3. | Машинско косење со грбни косилици | $м^2$ | 6.000 | 14 | 154.000 | 1,20 ден. | 100.800 ден. |
| 4. | Собирање на искосена трева | $м^2$ | 6.800 | 14 | 95.200 | 0,60 ден. | 57.120 ден. |
| 5. | Рачен утовар на искосена трева | $м^2$ | 6.800 | 14 | 95.200 | 0,10 ден. | 9.520 ден. |
| 6. | Резидба на дрва | Бр. | 220 | 1 | 220 | 230 ден. | 50.600 ден. |
| 7. | Утовар на гранки | $М^3$ | 60 | 1 | 60 | 500 ден. | 30.000ден. |
| | | | | | **ВКУПНО:** | | **266.520 ден** |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување на јавното зеленило и потребните финансиски средства

Ул„Булевар Ослободување„:

| Реден бр. | Работна операција | Единечна мера: | Количина: | Пати: | Вкупно: | Единична цена: | Вкупен износ: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Собирање на отпадоци и чистење на тревник | м$^2$ | 5.100 | 34 | 173.400 | 0,20 ден | 34.680 ден. |
| 2. | Машинско косење | м$^2$ | 4.600 | 34 | 156.400 | 0,60 ден | 93.840 ден. |
| 3. | Машинско косење со грбни косилици | м$^2$ | 700 | 34 | 23.800 | 1,20 ден | 28.560 ден. |
| 4. | Собирање на искосена трева | м$^2$ | 5.100 | 34 | 173.400 | 0,60 ден | 104.040 ден. |
| 5. | Рачен утовар на искосена трева | м$^2$ | 5.100 | 34 | 173.400 | 0,10 ден | 17.340 ден. |
| 6. | Резидба на дрва | Бр. | 360 | 1 | 360 | 230 ден | 82.800ден. |
| 7. | Утовар на гранки | м$^3$ | 50 | 1 | 50 | 500 ден | 25.000ден. |
| | | | | | **ВКУПНО:** | | **386.260 ден.** |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување на јавното зеленило и потребните финансиски средства
**Магистрален Пат:**

| Ред: Бр. | Работна операција | Единична мера: | Количина: | Пати: | Вкупно: | Еденична цена: | Вкупен износ: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Собирање на отпадоци и чистење на тревници | м$^2$ | 15.100 | 14 | 211.400 | 0,20 ден. | 42.280 ден. |
| 2. | Машинско косење | м$^2$ | 6.100 | 14 | 85.400 | 0,60 ден. | 51.240 ден. |
| 3. | Машинско косење со грбни косилици | м$^2$ | 9.000 | 14 | 126.000 | 1.20 ден. | 151.200 ден. |
| 4. | Собирање на искосена трева | м$^2$ | 15.100 | 14 | 211.400 | 0,60 ден. | 90.600 ден. |
| 5. | Рачен утовар на искосена трева | м$^2$ | 15.100 | 14 | 211.400 | 0,10 ден. | 15.100ден. |
| 6. | Окопување и прашење ружи | Бр. | 50 | 2 | 100 | 35 ден. | 3.500 ден. |
| 7. | Кроење на ружи | Бр. | 50 | 2 | 100 | 20 ден. | 2.000 ден. |
| 8. | Резидба на дрва | Бр. | 580 | 1 | 580 | 230 ден | 133.400 ден. |
| 9. | Утовар на гранки | М$^3$ | 60 | 1 | 60 | 500 ден. | 30.000ден. |
| | | | | | **ВКУПНО:** | | **519.320 ден.** |

**ПРЕГЛЕД**

на работни операции со интензитет на одржување на јавното зеленило и потребните финансиски средства за

**Китино Кале – парцели П: 3, 5, 6, 7, 8 и 10.**

| Реден број: | Работна операција | Единечна мера: | Количина: | Пати: | Вкупно: | Единична цена: | Вкупен износ: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Собирање на отпадоци и чистење на тревник | м$^2$ | 13.560 | 14 | 189.840 | 0,20 ден. | 37.968 ден. |
| 2. | Машинско косење | м$^2$ | 1.150 | 14 | 16.100 | 0,60 ден. | 9.660 ден. |
| 3. | Машинско косење со грбни косилици | м$^2$ | 12.410 | 14 | 173.740 | 1.20 ден. | 208.488 ден. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4. | Собирање на искосена трева | $м^2$ | 13.560 | 14 | 189.840 | 0,60 ден. | 113.904 ден. |
| 5. | Рачен утовар на искосена трева | $м^2$ | 13.560 | 14 | 189.840 | 0,10 ден. | 18.984 ден. |
| 6. | Окопување на грмушки | Бр. | 200 | 2 | 400 | 40 ден. | 16.000 ден. |
| 7. | Кроење на сезонско цвеќе | Бр. | 600 | 2 | 1.200 | 35 ден. | 42.000ден. |
| 8. | Прашење цветни површини | Бр. | 600 | 4 | 2400 | 35 ден. | 84.000 ден. |
| 9. | Резидба на дрва | Бр. | 200 | 1 | 200 | 230 ден | 46.000 ден. |
| 10. | Утовар на гранки | $М^3$ | 40 | 1 | 40 | 500 ден. | 20.000ден. |
| | | | | | **ВКУПНО:** | | **597.004 ден.** |

**РЕКАПИТУЛАР НА КАТАСТАРСКИТЕ ПРЕГЛЕДИ И ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА**

| Реден број: | Локација | Површина: | Вкупен износ: |
|---|---|---|---|
| 1. | Кеј на река Сушица | 6.860 $м^2$ | 159.684ден. |
| 2. | Ул. Маршал Тито | 650 $м^2$ | 136.386ден. |
| 3. | Ул. Борис Кидрич | 670 $м^2$ | 77.742 ден. |
| 4. | Ул. Рудничка | 940 $м^2$ | 26.880 ден. |
| 5. | Ул. 11 Септември | 6.800 $м^2$ | 266.520ден. |
| 6. | Бул. „Ослободување“ | 5.100 $м^2$ | 386.260 ден. |
| 7. | Китино кале | 13.560 $м^2$ | 519.320 ден. |
| 8. | Магистрален Пат | 15.100 м2 | 597.004 ден |
| **ВКУПНО:** | | **49680 $м^2$** | **2.169,796 ден.** |

**2. ПОСЕБНИ УСЛУГИ**

**2.1. ПРЕНЕСУВАЊЕ НА УГИНАТИ ЖИВОТНИ ВО ОДРЕДЕНА ДЕПОНИЈА (ЈАМА) НАДВОР ОД ГРАДОТ**

- Превоз на утоварени угинати животни, една тура – 2.000 ден.
- Поединчено собирање на угинати животни – 200 ден. по животно.

Од досегашната пракса, годишно, во Општина Кичево се врши собирање на угинати животни:

- 4 пати х 50 животни = 200 животни
- 200 животни х 300 денари = 60.000 денари
- 4 пати х 2 тури = 8 тури годишно х 2000 денари = 16.000 денари

**ВКУПНО: 40.000 ден. + 16.000 ден. = 76.000 ден.**

**2.2. ПОСТАВУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ЗНАМИЊА**

За поставување на знамиња се користи возило камион, кој покрај возачот го опслужуваат два работника, или за едно поставување се потребни 4 часа.

2 работника х 4 х 180 = 1440 ден

1 камион х 4 х 1200 = 4.600 ден

Вкупно = 6.040 ден

Вкупно: годишно – 16 празници х 6.040 = 96.640 денари

**2.3 ЧИСТЕЊЕ НА КОРИТО ОД РЕКА СУШИЦА**

Заради намалениот доток на вода во реката Сушица, реката често пати во текот на годината се полни со израстени треви, остатоци од наидена земја и смет за што и настанува полнење и згустување на коритот од река Сушица и при обилни врнежи реката се излева од коритот. За таа цел потребно е најмалце четри пати годишно да се исчисти коритото од река Сушица.

**П Р Е Г Л Е Д**
**На чостење на река Сушица четри пати во годината изразена во работни часови**

| Ред: Бр. | Работна операција | Единич на мера: | пати | Вкупно | Вкупно часови | Еденична цена: | Вкупен износ: |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Чистење со минибагер во часови | 1600 метри | 4 | 6400 метри | 196 | 2.000 ден. | 392.000 ден. |
| 2. | Ангажирање на 2 ниско квалификовани работници | / | 4 | 6400 метри | 392 | 120 ден. | 47.040 ден. |
| 3. | Утовар на трева, земја и талог од исчистено корито | / | 4 | / | 48 | 2.000 ден. | 96.000 ден. |
| 4. | Транспорт со камион Мерцедес Атего | / | 4 | 48 тури | / | 1.500 ден. | 72.000 ден. |
| | | | | | **ВКУПНО:** | | **607.040 ден.** |

**2.4. РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ**

Расчистувањето на дивите депонии е вообичаена пракса кај нас. Всушност, се работи за грижа за сметот кој е производ на некоректно однесување на граѓаните и правните лица во град Кичево.

Ова некоректно однесување како последица го има заостанат отпад за кој наместо да одговара конкретен сторител, преминува во доменот на јавен, напуштен отпад, и трошоците за собирањето на овој отпад така стануваат дел од комуналната потрошувачка, која се алиментира од буџетот на град Кичево.

Чистењето на заостанатиот отпад наречен диви депонии ќе се врши согласно ценовникот на услуги на Ј.П. Комуналец Кичево, а според утврдената процедура/налог од Општина Кичево.

**2.4. НАБАВКА НА УРБАНА КОМУНАЛНА ОПРЕМА**

Предвидените прекршочни одредби во законот за јавна чистота предвидуваат ригорозми мерки, како спрема граѓаните, така спрема јавните субјекти, поради што неопходно е јавните површини да бидат опремени со специјални садови за управување со комунален отпад и смет, как што се садови за отпад од 1,1 м$^3$, садови од 0,5 м$^3$, корпи за отпадоци за паркови, садови за пластика, садови за хартија. Исто така потребни се средства за одржување на веќе поставените садови и корпи. Оваа мерка би придонела за намалување на реакциите од страна на корисниците за недоволна опременост на јавните површини со потребна опрема. За оваа мерка се планира да бидат обезбедени **2.000.0 00** денари на годишно ниво.

**ПЛАНИРАНИ НАБАВКИ ЗА 2022 ГОДИНА**

| Р.бр. | Опис | Количина | Ед.Цена | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Рачни колички за отпад** | 10 | 2.000 | 20.000 |
| 2. | **Лопати и копачи** | 50 | 600 | 30.000 |
| 3. | **Набавка на метли** | 5000 | 40 | 200.000 |
| 4. | **ХТЗ опремаза вработени** | 52 | 1.500 | 78.000 |
| 5. | **Набавка на машини, тримери и друга опрема за косење** | / | / | 300.000 |
| | | | **ВКУПНО:** | **628.000 денари** |

## 2. ОСНОВНИ ЗАБЕЛЕШКИ СО БИТНИ ПРЕДЛОГ МЕРКИ

Вака презентираниот материјал претставува минимум финансиска конструкција за реализација на операциите предвидени со програмата за вршење на работите за одржување на одржување на јавната чистота за 2022 година во општина Кичево, при што се водеше сметка за социјалниот аспект на корисниците на услугата.

Со цел поставување на реални односи меѓу јавното комунално претпријатие и корисниците на неговите услуги, потребно е да се обезбедат средства за реализација на оваа програма, па согласно Законот за јавна чистота, следува да се утврди висината на надоместокот за одржување на јавна чистота.

Вкупниот износ потребни средства за реализација на оваа програма поделен со бројот на корисници на Општина Кичево би го дал годишниот, односно месечниот износ на парични средства кои треба да биде утврден со одлука на Советот на Општина Кичево.

Според податоците што ЈП,,Комуналец,, – Кичево ги има како број на корисници, правните субјекти можат да бидат групирани во 3 категории: мали, средни и големи, па во одлуката за утврдување на надоместокот за јавна чистота, надоместокот би бил 1:1 ; 2:1 ; 3:1 во соодност со висината на надоместокот за физичките лица како корисници.

Во овој надоместок ќе бидат обезбедени средства за одржување на јавна чистота, со што ќе се сопре досегашното незаконско трошење на средства од извршување на другите комунални дејности – водоснабдување, собирање на комунален отпад и друго, а со тоа и постабилна финансиска состојба на ЈП,, Комуналец,, – Кичево како реализатор на оваа програма.

Овие средства, собрани од надоместокот за одржување на јавна чистота, согласно законот за јавна чистота, ќе бидат приход на Општина Кичево и ќе се користат за финансирање на работите од јавна чистота.

Надзорот за реализација на оваа програма согласно законот за јавна чистота ќе го вршат комуналните редари и општинските комунални инспектори.

## РЕКАПИТУЛАР

| | |
|---|---|
| **ЧИСТЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ** | **10.484.565,60 den.** |
| **МИЕЊЕ НА ЈАВНИ ПОВРШИНИ** | **2.520.000,00 den.** |
| **ОДРЖУВАЊЕ НА ЈАВНО ЗЕЛЕНИЛО** | **2.169.796,00 den.** |
| **ЧИСТЕЊЕ НА РЕКА СУШИЦА** | **607.040,00 den.** |
| **ПРЕНЕСУВАЊЕ НА УГИНАТИ ЖИВОТНИ ВО ОДРЕДЕНА ДЕПОНИЈА (JAMA) НАДВОР ОД ГРАДОТ** | **76.000,00 den.** |
| **ПОСТАВУВАЊЕ НА ДРЖАВНИ ЗНАМИЊА** | **96.640,00 den.** |
| **НАБАВКА НА КОМУНАЛНА УРБАНА ОПРЕМА** | **2.000.000,00 den.** |
| **НАБАВКА НА МАШИНИ, АЛАТ И ХТЗ ЗА ВРАБОТЕНИ** | **628.000,00 den.** |
| **КРУЖНИ ТОКОВИ И КИТИНО (САДЕЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЦВЕТНИ ПОВРШИНИ)** | **913.000,00 den.** |
| **GJITHSEJ:** | **19.398.401,60 den.** |

**Совет на општина Кичево**

**Претседател**

_______________________